

Давид Бафети • Рада Петрова-Малкиќ

# ИСТОРИЈАТА ДЕНЕС

# HISTORY TODAY

David Baffeti • Rada Petrova-Malkić

*Давид Бафети*
*Рада Петрова-Малкиќ*
*Историјата денес*

*David Baffetti*
*Rada Petrova-Malkić*
*History Today*

Ликовна галерија
Центар за култура "Марко Цепенков" - Прилеп
Artistical gallery
Center of culture "Marko Cepenkov" - Prilep

Прилеп, Јули, 1994
Prilep, July, 1994

Издавач: Центар за култура "Марко Цепенков" - Прилеп
Текст во каталогот: проф. д-р Борис Петковски
Проект на каталогот: Гордана Бабиќ - Јанеска
Превод од англиски: Снежана Магдеска - Митоска и Филип Корженски
Печати: МП "Растер" - Прилеп
Тираж: 300

Published by: Center of culture "Marko Cepenkov" - Prilep
Text of catalogue: prof. d-r Boris Petkovski
Layout: Gordana Babić - Janeska
Translated into English by Snežana Magdeska - Mitoska and Filip Kor`enski
Printed in MP "Raster" - Prilep
Edition: 300



# ЗАЕДНИЧКИТЕ ТВОРЕЧКИ ВИЗИИ НА БАФЕТИ И ПЕТРОВА

Во нашата ликовна средина присуството на уметниците Давид Бафети и Рада Петрова-Малкиќ, се остварило и низ посебните и низ заедничките творечки реализации. Постариот колега Бафети оформен професионално во родната Италија, првиот "македонски" дел на својата кариера го оствари меѓу 1944 и 1955 година. Тогаш го даде својот пионерски придонес за зачетоците на дизајнот во Македонија; а сликарски и цртачки се појави и како член на нашата прва повоена ликовна група "Денес". Веќе оттогаш датира и соработката со него на помладата колешка Рада Петрова. Во меѓувреме дури Бафети вратен во Итаија (1955), ќе развие плодна ликовна дејност одделно во област на дизајнот, Петрова-Малкиќ ќе се оформи во еден од нашите врвни костимографи и таписеристи. Од некое време наваму поврзаните животни патеки на Бафети и Петрова-Малкиќ ќе се оплодат со низа заеднички остварувања: во слики, штафелајни и ѕидни проекти за обликувачки зафати и т.н.

Здружувајќи го во сознанието нивниот индивидуален развој: сласт и уживање во префинето проектирање на низа дизајнерски задачи, кај Бафети; култивиран израз што спојува фини, модерен, сензибилитет со осет за смислата на некогашни форми, особено во декоративниот систем на нашата традиција, кај Петрова-Малкиќ, ќе се задржам на некои одлики на нивните заеднички творби што се тука изложени.

Сецесионистичкото претециозно дотерување, јасно видливо во секој детал што заеднички го обработиле, е само своевиден стилски темелник, начелна обликувачка програма на нивното творештво. Зошто во него се вовлекле многу видни модели на ликовното искажување, карактеристични за современата цивилизација на сликата.

Поседувањето на актуелна визуелна култура; владеењето со цртежот како темелен инструмент за своето авторско објавување; отвореноста за денешни техничко-технолошки искуства и за проектантско-изведувачката логика на дизајнот, за обликувачката процедура на сценографски и костимографски решенија; поседувањето на модерен стилски концепт и изведувачки знаења во тапиserијата: тоа се битните и густо вкрстените претпоставки за сликарските, цртачките и таписериски творби претставени на оваа заедничка изложба. Сметам дека и целото богатство на визуелни предизвици потекнати од денешните електронски и други емитувачи на слики, ја "загадиле" ликовната свест на двајцата автори.

Најбитни стилски елементи во нивните заеднички творби се:

Напливот на вака слоевити поттици предизвикува своевиден натпревар при нивното вградување во даден ликовен состав од страна на Бафети или Петрова. Тоа е особено случај со сликите каде заедничката работа всушност единствено кохерентно спроведена. На најнаметливите сецесионистички парадигми (← Елементи од: сецесионизам поп-арт) своевидно слободно преобразувани на модели "цитирани" од кај Гистав Климт, се надоврзале претенциозно, декоративно разработени моменти од поп-артот: онака како се конституирал во цинично-зајадливите форми на неговата англиска или италијанска варијанта (Ерико Баj, да речеме, како пример). Несомнено е дека во овие слики провева и менталитетот на италјанската трансавангарда: враќањето кон некои поранешни ликовни етапи на сопствената традиција во кои е надминат идеалниот класичен или класицистички концепт, за сметка на неговото тенденциозно манирнстичко надминување (италијанските анахронисти). Несомнено е дека низа слики на Бафети / Петрова се доближиле, сакале авторите или не, до некои денешни искази во светот кои не се загрижени дали ќе бидат обвинети за пренагласена допадливост или сладникавост: тие ефекти се барани, свесно се наметнувани, како цинично оспорување на кои и да е норми и правила, па и тие на историската авангарда. Во составите на Бафети/Петрова се проткаале решенија кои се темелат и на симболистичко-фантастичната уметност - и не само европската, туку и ориенталната: видливо и во начините на кои се изведени низа форми или нивното просторно (ортогонално- дводимен- зионално) ситуирање. Во овие сликарски состави се населила имагинација која се храни и од популарно-детски приказни: од илустрациите, да речеме на народни или детски приказни.

Присутни стилски определби, се:

А преку ваков визуелен преносник во сликите се зарeдиле тревогите, страхувањата, хуманистичките пораки на уметниците. Обземени се со војната што беснее на некогашните Југословенски простори, но, внимаваат никого да не повредат кога не посетуваат на нејзините ужаси: се уриваат згради, во смртен зафат со човечки силуети; или крволочните воени ѕверства се преточуваат во напад на хишната ѕвер врз незаштитената газела-жена и т.н. А куклинско- марионетските состави често ја заменуваат човечката фигура во алегориско-метафоричките мотиви на уметниците. Сакрални и филозофски претстави, со еротско-алегориски и историски сцени или се сменуваат со запрашаноста на Бафети/Петрова за нашите (на сите луѓе) современи опсесии и трауми: дрогата, сидата, социјалните стресови, особено на младите, (без перспективноста, безработицата, како повод).

Сакам да ги подвлечам одликите на двете таписерии на Рада Петрова-Милкиќ. Во нив е згусната таа денешна сензибилност за суштествено физичката, стварната природа на материјалот - и почитувањето на неговите "ликовни можности". Се надоврзало на тоа умеењето на уметницата од ликовно-декоративни матрици произведени во нашата рурално-фолклорна средина да се воспостави композиционен состав што го почитува денешниот визуелен менталитет. Свечениот изглед и здржана благодарна отменост на овие таписерии, секако ги вбројува нив во највпечатливите остварувања на македонската таписерија.

проф. д-р Борис Петковски

## THE JOINT CREATIVE VISIONS OF BAFFETTI AND PETROVA

In our artistic media, presence of the artists David Baffetti and Rada Petrova-Malkič is recognizable both through their individual and their joint creative work.The older colleague Baffetti, whose professional maturation was already completed in his native Italy, realised the first, so called Macedonian part of his career, in the period between 1944 and 1955. During that time he gave his pioneer contribution to the beginnings of the design in Macedonia as a painter and drawer he revealed himself as a member of "Denes" ("Today") - our first post-war artistic group. About that time he started his cooperation with the younger colleague Rada Petrova. In the meantime, Baffetti returned to Italy (1955) and developed a very fruitful painting activity in the f'ield of design, and Rada Petrova became one of our best known artists in costume designs and tapistry. In recent years, the paths of life of Baffeti and Petrova-Malkič have been connected again, resulting in a number of joint creations: in easel and wall painting, projects dealing with the aspects of shaping, etc. Keeping in mind their individual devlopment pleasure and enjoyment in the sophisticated projection of a number of design assignments in Baffeti; cultivated expression which links a fine, modern sensibility to an extraordinary feeling for the meaning of the forms from the past, especially in a decorative system of our tradition, in Petrova-Mlalkič, I' ll concentrate on some distinctions of their joint works exhibited here.

Secessionistically pretentious refinement, which could be clearly seen in each particular detail that they've made together, is but a stylistic cornerstone, a principal shaping programme of' their creative work. It includes a very heterogeneous models for artistic expression, typical for the contemporary civilisation of the painting. Possession of an interesting visual culture; knowledge of the technics of drawing as a basic instrument for the author's announcement; openness to the current technical and technological experiences, to the projectionl-performative logic of the design and to the shaping procedure of set designing and costume designing solutions; possession of a modern stylistic concept and excellent performance in tapestry: all these are the basic and closely related features of paintings, drawings and tapistries presented on this joint exhibition. I also think that all those visual challenges generating from today's electronic or other type of image transmitters have "polluted" the artistic conscience of the two authors. The tide of such multile elled stimulations results in a kind of competition between them to enter into the final artistic composition of Baffeti and Petrova. It is especially the case with the paintings where the ......

joint work is accomplished in a most coherent way.

The most intrusive seccessionistc paradigmas- i.e. a free transformation of the models "quoted" from Gustav Climt, are enriched by pretentiously and decoratively processed moments from the Pop-Art: it's done in the same way as he applied his cynical and sarcastic forms in his English or Italian variant (to take Enrico Bay for example). There is no doubt that these paintings carry the mentality of the Italian transavantgarde: A return to some earlier artistic phases of his own tradition in which the ideal classical or classicistical concept is surpassed on account of his tendentious-mannerisic surpassing (the Italian anachronists) - Undoubtedly, a number of paintings of Baffetti/Petrova are closely approaching, whether they like it or not, to some current notions in the world which do not care if they would be accused for an overstressed pleasantness and sweetness: those effects are searched for, they are deliberately imposed as a cynical deny of any kind of standards and rules, even those of the historical avantgarde. Compositions of Baffetti/Petrova include solutions based on the symbolistic and phantastic art - not only European but the Oriental, too; it's visible from the ways in which a great variety of forms are worked out or from their situation (ortohogonal-two dimensional) in space. In these compositions we find imagination which feeds on the popular children's books, let us say on the illustrations of folk or children's stories.

And through such a visual transmission, the paintings reveal all the concerns, fairs and humanist messages of the artists. They are obsessed by the war that rages over the territories of former Yugoslavia, but they try to not hurt anybody when they remind us of all the horrors: buildings are demolished in a deadly capture of human silhouettes; bestialities of the war are incorporated in the beast attack upon the unprotected gazelle-woman etc. - The puppet-marionette compositions do often replace the human figure in the allegoric-metaphorical motifs of the authors. Sacral and philosophical scenes with erotic-allegoric and historical content are proceeded by the deep concern of Baffetti/Petrova about the contemporary obsessions and threatens to all the people: drug, AIDS, social stress, especially among young people (lack of perspective, unemployment, etc.).

I would like to emphasize the characteristis of the two tapestries of Rada Petrova - Malkič. In condensed form they contain the current sensibility for essentially physical substantial nature of the material and appreciation of its "artistic possibilities". It's all supplemented by the skilfulness of this women-artist from the artistic-decorative matrices produced in our rural and folk environment to establish a compositional structure which respects the current visual mentality. Their solemn appearance and calm nobility makes them one of the most impressive achievements in Macedonian tapestry.

prof. d-r Boris Petkovski





## БИОГРАФИИ

### ДАВИД БАФЕТИ

е роден во Неапол (Италија) на 03.07.1916 година. Во Фиренца го завршува (1929) Средниот државен институт (уметнички), а подоцна (1931) и Уметничкиот лицеум во Рим. Потоа се наоѓа повторно во Фиренца каде специјализира на Високиот државен институт и магистрира во 1937 година здобивајќи се со звање - сликар и професор по дизајн.

По дипломирањето својата професионална робота воглавно ја обавува во Фиренца освен периодот 1944 - 1955 кога живее и работи во Скопје. Во Македонија работи како професионален дизајнер во (АГИТПРОП) - НОФ, а потоа во "ПРОБИРО" на Министерството за градежни работи, како и во "ДЕКОР БИРО" на ОЗЕХА - Загреб.

Член е на групата "Денес" и учествува на двете нејзини изложби во Скопје во 1953 и 1954 година. 1955 се враќа во Италија и ја продолжува својата кариера како слободен уметник. Учествува во проектирање и ликовно оформување на репрезентативни изложби каде се презентира италијанскиот дизајн. Повремено, на овие презентации, излага свои експонати.

Во периодот 1957-1967, преку Институтот за надворешна трговија на Италија - "ICE" (сектор за дизајн) излага во музеите на следните земји: Англија (Лондон, Ливерпул и Манчестер), Шкотска (Единбург), Данска (Копенхаген), Шведска (Стокхолм), Швајцарија (Берн), Германија (Минхен), Португалија (Лисабон), Шпанија (Барцелона), Франција (Париз).

1978, 1980 и 1982 како проектант и сликар учествува на Меѓународното биенале на антиквитети во Фиренца (во Палатата Строци). Како сликар во истата Палата, учествува во 1981 на Националната сликарска манифестација "Фјорино".

Двапати самостојно излага во Фиренца: 1975 (Галерија Понте Векио) и 1981 (Галерија Белини) и еднаш во Рим, 1985 (Галерија Јулија).
Од 1990 повторно е во Скопје.

Слоките на Давид Бафети се наоѓаат во разни приватни колекции во Франција, САД, Англија, Швајцарија, Италија и Македонија.

### НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

1941 Фиренца (Италија), Прва награда на Интернационалниот саем за проектирање на внатрешна архитектура

1947 Скопје, Прва награда за плакат "Борба против неписменоста во Македонија"

1949 Скопје, Диплома од Министерството за просвета на изведениот проект - изложбата "Пет години слободно Скопје"

1968 Милано (Италија), Златен медал на Интернационалниот конкурс за проектирање на модел - Фотеља во материјал "Дурочелфит"

### РАДА ПЕТРОВА МАЛКИЌ

е родена во Скопје на 16.08.1930 година. 1950 ја завршува Школата за применета уметност во Скопје. Во пертиодот 1950-1955 студира на Академијата за применета уметност во Загреб - отсек за текстил и театарска костимографија (професори: Б. Хегедушиќ, Ж. Хегедушиќ, Н. Костинчер - Бреговац и Д. Субашиќ). Во овој период студиски престојува во Италија каде ги посетува нејзините најзначајни театарски и оперски куќи. По дипломирањето во 1955 се вработува во Македонскиот народен театар во Скопје со звање сликар - костимограф. Во оваа куќа таа ќе работи 35 години, се до своето пензионирање.

Остварува низа костимографски и неколку сценографски проекти за драмски, оперски и балетски претстави за театрите во Скопје, Штип, Прилеп, Куманово, Кочани, Битола, Титов Велес, Струмица како и во Приштина, Сараево, Бања Лука, Загреб, Катовице и Братислава.

Во периодот 1968-1975 се занимава и со модни креации. Соработува со фабриките "Нонча Камишова" од Титов Велес, "Македонка" од Штип, "ОХИС" од Скопје и др. и за нив организира низа манекенски настапи и модни ревии ширум просторите на поранешна Југославија.

Дела од Петрова-Малкиќ се наоѓаат во музеи и приватни колекции во Македонија, Хрватска, Југославија, Германија и т.н.

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

1967 Прилеп, Награда за костимографија на театарските игри "Војдан Чернодрински"

1969 Скопје, Награда на ДЛУПУМ

1975 Скопје, Орден на трудот со сребрен венец

1976 Нови Сад (С.Р. Југославија), Стериина награда за костимографија

1983 Прилеп, Награда за костимографија на театарските игри "Војдан Чернодрински"

1984 Скопје, Награда за животно дело на ДЛУПУМ

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1981 Скопје, Центар за култура и информации, "Таписерии" Куманово, Уметничка галерија, "Таписерии"

1982 Вараждин (Р.Хрватска), Театар "Аугуст Цесарец", "Таписерии"

1983 Штип, Астибо "Костимографски цртежи"

1985 Кавадарци, Музеј - галерија, "Таписерии"
Куманово, Уметничка галерија, "Костимографски цртежи"

1994 Скопје, Музеј на град Скопје

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1968 Скопје, "Обликување"

1969 Скопје, Центар за култура и информации, "Изложба на жени уметници од СРМ"

1978 Скопје, Центар за култура и информации, "Жени сликари"

1980 Охрид, Изложбен салон на Домот на печатот, "Македонска тапiсерија"
Приштина (С.Р. Југославија), Dom omladine "Boro i Ramiz" , "Tapiserija Priština '80"
Скопје, Центар за култура и информации, "Жени сликари"
Пекинг (НР Кина), "Savremena jugoslovenska tapiserija"

1981 Скопје, Центар за култура и информации, "Жени уметници"

1982 Рим (Италија)

1983 Скопје, Музеј на град Скопје, "Живот, дизајн, производство"

1985 Дрезден (Германија), Музеј на применетата уметност, "Современа македонска тапiсерија и керамика"
Скопје, Музеј на современа уметност, "Современа македонска тапiсерија и керамика"

1985/86 Пиран (Словенија), Mestna galerija, "IV. Mednarodni bienale tapiserije"

1993 Прилеп, Ликовна галерија "М. Цепенков", ЦСЛУ ´93
Турне (Белгија), Maison de la Culture de Tournai, "L'autre Europe"

## BIOGRAPHICAL OUTLINES

### DAVID BAFFETTI

He was born on July 3, 1916 in Naples, Italy. He attended the Secondary State Institute (Art), Florence (graduating in 1929) and the Art Lyceum, Rome (graduating in 1931). He then returned to Florence where he specialised at the High State Institute and received an M.A. in 1937, acquiring the title of painter and professor of design.

After his graduation, he worked professionally in Florence for most of the time, except for the period 1944-1955 when he lived and worked in Skopje. In Macedonia he worked as a professional designer in Agitprop-NOF and later in Probiro, part of the Ministry of Construction, as well as in Dekor Biro, part of Ozeha, Zagreb.

He was a member of the "Denes" group and took part in both of its exhibitions in Skopje, in 1953 and 1954. In 1955 he returned to Italy and continued his career as an independent artist. He took part in the design and artistic arrangement of representative exhibitions where Italian design was presented. He occasionally showed his own exhibits there.

In the period 1957-1967, through the Institute for External Trade, ICE (Design Sector), he exhibited his works in the museums of the following countries: England (London, Liverpool and Manchester), Scotland (Edinburgh), Denmark (Copenhagen), Sweden (Stockholm), Switzerland (Bern), Germany (Munich), Portugal (Lisbon), Spain (Barcelona) and France (Paris).

In 1978, 1980 and 1982, as a designer and painter, he took part in the International Biennial of Antiquities, Florence (in the Strozzi Palace). As a painter, in 1981 he took part in the Fiorino National Painting Art Event, in the same Palace.

He had two one-man exhibitions in Florence, in 1975 (Ponte Vecchio Gallery) and in 1981 (Bellini Gallery), as well as one in Rome, in 1985 (Giulia Gallery).

Since 1990 he has again been living in Skopje.

David Baffetti's paintings can be found in various private collections in France, the United States, England, Switzerland, Italy and Macedonia.

AWARDS AND KNOWLEDGEMENTS
1941 Florence, Italy, First Prize of the International Fair of Interior Architectural Design
1947 Skopje, First Prize for his poster "Struggle against Illiteracy in Macedonia"
1949 Skopje, First Prize for his poster "Struggle against Illiteracy in Macedonia"
1968 Milan, Italy, Gold Medal at the International Competition for designing a model-armchair in the Durocelfit material.

### RADA PETROVA-MALKIK

She was born on August 16, 1930 in Skopje. In 1950 she finished her studies at the Secondary School of Applied Art, Skopje. In the period 1950-1955 she studied at the Academy of Applied Art, Zagreb, Department of Textile and Theatre Costume Design (under Professors B. Hegedusič, Z. Hegedušič, N. Kostinčer-Bregovac and D. Subašič). In this period she went on a study trip to Italy where she visited the country's most important theatres and opera houses. After graduating in 1955 she was employed in

the Macedonian National Theatre, Skopje as a painter and costume designer. She worked there for 35 years, until her retirement.

She carried out a large number of costume designing projects and several set designs for drama, opera and ballet performances for theatres in Skopje, Stip, Prilep, Cumanovo, Kocani, Bitola, Titov Veles and Strumica, and in Pristina, Sarajevo, Banja Luka, Zagreb, Katowice and Bratislava.

In the period 1968-1975 she worked on fashion design. She cooperated with the following factories: "Nonca Kamišova", Titov Veles, "Makedonka", Stip, OHIS, Skopje, etc., organizing fashion shows for them throughout the former Yugoslavia.

Works by Petrova-Malkik can be found in many museums and private collections in Macedonia, Croatia, Yugoslavia, Germany and other countries.

AWARDS AND ACKJVOWLEDGEMENTS

1967 Prilep, Prize for Costume Design at the Vojdan Černodrinski Theatre Festival
1969 Skopje, Prie by the Association of Applied Artists of Macedonia
1975 Skopje, Order of Labour with Silver Wreath
1976 Novi Sad, Yugoslavia, Sterija Award for Costume Design
1983 Prilep, Prize for Costume Design at the Vojdan Cernodrinski Theatre Festival
1984 Skopje, Life Achievement Award by the Association of Applied Artists of Macedonia

INDIVIDUAL EXHIBITIONS

1981 Skopje, Culture and Information Centre, "Tapestries"
Kumanovo, Art Gallery, "Tapestries"
1982 Varazdin, Croatia, August Cesarec Theatre, "Tapestries"
1983 Stip, Astibo, "Costume Design Drawings"
1985 Kavadarci, Museum Gallery, "Tapestries"
Kumanovo, Art Gallery, "Costume Design Drawings"
1994 Skopje, Museum of the City of Skopje

GROUP EXHIBITIONS

1968 Skopje, 'Shaping
1969 Skopje,Culture and Information Centre,"Exhibition of Women Artists from SR Macedonia"
1978 Skopje, Culture and Information Centre, "Women Painters"
1980 Ohrid, House of the Press Exhibition Salon, "Macedonian Tapestry"
Pristina, Yugoslavia, Boro i Ramiz Youth Club, "Tapestry Pristina '80"
Skopje, Culture and Information Centre, "Women Painters"
Peking, China, Contemporary Yugoslav Tapestry
1981 Skopje, Culture and Information Centre, "Women Artists"
1982 Rome, Italy
1983 Skopje, Museum of the City of Skopje, "Life, Design, Production"
1985 Dresden, Germany, Museum of Applied Art, "Contemporary Macedonian Tapestry and Ceramics"
1985/86 Skopje,Museum of Contemporary Art,"Contemporary Macedonian Tapestry and Ceramics"
1993 Piran, Slovenia, Town Gallery, IVlnternational Biennial of Tapestry
Prilep, Marko Cepenkov Art Gallery, CSLU '93
Tournai, Belgium, Maison de la Culture de Tournai, 'L'autre Europe'



***КАТАЛОГ***

***CATALOGUE***

***Заеднички дела***
***Joint Works***

1. *Комита, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Komitadji, 1992*
2. *Во чест на Оријана Фалачи, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *In Honour of Oriana Fallaci, 1992*
3. *Зошто, 1992*
   *акрил, 70 x 100*
   *Why, 1992*
4. *Осаменост, 1992*
   *акрил, 60 x 85,5*
   *Loneliness, 1992*
5. *Чевларски алати во лет, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Shoemaker's Tools in Flight, 1992*
6. *Црното сонце на Самоил, 1992*
   *акрил, 100 x 70*
   *Samoil's Black Sun, 1992*
7. *Амор и Психе, 1992*
   *акрил, 70 x 100*
   *Cupid and Psyche, 1992*
8. *Портрет во чест на*
   *Јордан Грабуловски, 1992*
   *акрил, 80 x 60*
   *Portrait in Honour of Jordan Grabulovski, 1992*
9. *Пасијанс, 1992*
   *акрил и колаж, 70 x 50*
   *Solitaire, 1992*
10. *Апсурден бродолом, 1992*
    *акрил и колаж, 100 x 70*
    *Absurd Shipwreck, 1992*
11. *Серенада на месечина, 1992*
    *акрил, 70 x 50*
    *Serenade in the Moon, 1992*
12. *Скопје денес, 1992*
    *акрил, 200 x 80*
    *Skopje Today, 1992*
13. *Македонско девојче, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Macedonian Girl, 1993*
14. *Неуспешна серенада, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Unsuccessful Serenade, 1993*
15. *Фирентинско каприччо, 1993*
    *акрил, 70 x 51*
    *Florentine Capriccio, 1993*
16. *Сторија – антика, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Story – Classical Times, 1993*
17. *Голгота 1, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Golgotha 1, 1993*
18. *Голгота 2, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Golgotha 2, 1993*
19. *Во песната на Оливер Драгоевиќ, 1993*
    *акрил, 100 x 70*
    *Inside Oliver Dragojević's Song, 1993*
20. *Скопски ноќен концерт, 1993*
    *акрил, 50 x 70*
    *Skopje Night Concert, 1993*
21. *Крале Марко 1, 1993*
    *акрил, 130 x 90*
    *King Marko 1, 1993*
22. *Крале Марко 2, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *King Marko 2, 1993*
23. *Да пукаме со љубов, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Let Us Shoot with Love, 1993*
24. *Во чест на Волтера и Прилеп, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *In Honour of Voltera and Prilep, 1993*
25. *Мртва природа – ноќе, 1993*
    *акрил, 70 x 50*
    *Still Life at Night, 1993*
26. *Крвави солзи, 1994*
    *акрил, 110 x 80*
    *Bloody Tears, 1994*

27. *Еволуција на религии, 1994*
*акрил, 110 x 80*
*Evolution of Religions, 1994*

28. *Нокна пеперутка, 1994*
*акрил, 70 x 51*
*Moth, 1994*

29. *Лов на изгрејсонце, 1994*
*акрил и колаж, 75 x 52,5*
*Sunrise Hunt, 1994*

30. *Благовест, 1994*
*акрил, 70 x 50*
*Annunciation, 1994*

31. *Благосостојба, 1994*
*акрил, 110 x 80*
*Prosperity, 1994*

32. *Наркоманска драма, 1994*
*акрил, 80 x 55*
*Drug Addict Drama, 1994*

33. *Љубов и трагедија, 1994*
*акрил, 100 x 70*
*Love and Tragedy, 1994*

34. *Портрет – Емилија, 1994*
*акрил, 100 x 70*
*Portrait – Emilija, 1994*

35. *Икарус, 1993*
*акрил, 70 x 51*
*Icarus, 1993*

***Рада Петрова-Малкиќ***
***Rada Petrova-Malkiќ***

*Студии*
*Studies*

1. *Цртеж за таписеријата „Етно-инспирација“, 1956*
*темпера на хартија, 29 x 21*
*Drawing for the tapestry 'Ethno-Inspiration', 1956*

2. *Цртеж за таписеријата „Тотеми“, 1970*
*темпера на хартија, 32 x 22*
*Drawing for the tapestry 'Totems', 1970*

*Таписерии*
*Tapestries*

1. *Мразулци, 1984*
*сура волна со ПВЦ-цевки, 230 x 134*
*Icicles, 1984*

2. *Циркулација, 1987*
*чиста волна со вткаена медицинска пластика, 250 x 140*
*Circulation, 1987*

***Давид Бафети***
***David Baffetti***

*Студии*
*Studies*

1. *Студија, 1957*
*туш во боја, 23 x 29*
*Study, 1957*

2. *Студија, 1957*
*туш во боја, 29 x 23*
*Study, 1957*

3. *Студија, 1970*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1970*

4. *Студија, 1968 (?)*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1968 (?)*

5. *Студија, 1970*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1970*

6. *Студија, 1968/69*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1968/69*

7. *Студија, 1966*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1966*

8. *Студија, 1966/67*
*молив на хартија, 45 x 29,5*
*Study, 1966/67*

9. *Студија, 1966*
*молив и туш на хартија, 50 x 34,5*
*Study, 1966*

10. *Студија, 1966*
*молив и туш на хартија, 50 x 34,5*
*Study, 1966*